**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4473/1

Скопје 17.09.2016г.

**Предмет: Втор седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува вториот седмичен извештај за периодот од 9 до 15 септември 2016 година, во согласност со обврските од член 76-в став 2 и член 196-в од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година.

Во текот на оваа седмица се изработуваа првите извештаи за почитувањето на членовите 75 став 1 и 75-б од Изборниот законик, кои се прават за секој десетдневен период. Тие ќе и бидат предадени на Привремената комисија за следење на медиумското претставување во рамките на рокот предвиден со Процедурата на постапување при мониторингот на изборното медиумско претставување за Предвремените парламентарни избори што ќе се одржат во 2016 година. Врз основа на овие извештаи, Привремената комисија треба да даде оценка за тоа дали радиодифузерите ја почитувале обврската за балансирано претставување, односно дали медиумите известувале за редовните активности на власта во функција на изборно медиумско претставување.

Во меѓувреме, продолжува мониторингот на изборното медиумско претставување на програмските сервиси на сите радиодифузери опфатени со примерокот.

Извештаите за извршен надзор (мониторинг) за секој од медиумите поединечно, како и предлозите за постапување од Привремената комисија ќе Ви бидат доставени со наредниот седмичен извештај.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009